**Врз основа на член 9-а став 1 од Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/01, 42/03, 40/04, 70/06, 126/06, 88/08, 133/09, 171/10, 185/11, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15 и 23/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.06.2017 година, донесе**

# ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛИТЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

## Член 1

Со оваа одлука се ослободуваат вршителите на авто-такси превоз на патници од обврската за користење на интегриран автоматски систем за управување.

## Член 2

Ослободувањето од членот 1 на оваа одлука ќе трае до 31 декември 2017 година.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2954/1
27 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.